**20232314006**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 60 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ НА РОДИТЕЛ КОЈ ИМА ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на парична помош на родител кој има дете со попреченост, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19 и 258/22), во член 3 во алинејата 1 по зборот „тешки“ се става запирка, а сврзникот „и“ се заменува со зборовите „потешки или“.

Во алинејата 2 по зборот „тешка“ се става запирка, а сврзникот „и“ се заменува со зборовите „потешка или“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-4942/8
30 октомври 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.